ЕДИЦИЈА ВО ЧЕСТ НА БЛАГОЈА КОРУБИН
ЈАЗИКОТ НАШ ДЕНЕШЕН

Редактор на едицијата: Снежана Велковска

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“
Јазикот наш денешен кн. 3

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД СОБИРОТ

# МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ЈАВНОТО ОПШТЕЊЕ

одржан на 18 - 19 февруари 1999

Скопје, 2000

Редакциски одбор:

проф. д-р Живко Цветковски
проф. д-р Стојка Бојковска
д-р Марија Коробар-Белчева
д-р Снежана Велковска
м-р Олгица Додевска-Михајловска

## ПРЕДГОВОР

На иницијатива на Советот за употреба на македонскиот јазик при Министерството за култура и Одделението за современ јазик при ИМЈ „Крсте Мисирков“, на 18 и 19 февруари 1999 год. во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ се одржа научен собир на тема ***Македонскиот јазик во јавното општење***. Како коорганизатори се јавија и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ како и Македонската академија на науките и уметностите. Собирот се одржа во рамките на традиционалната манифестација *Денови на Благоја Корубин* а по повод четиригодишнината од неговата смрт.

На Собирот беа прочитани 47 реферати. Во зборникот ги објавуваме рефератите што пристигнаа до организациониот одбор.

Од заклучоците на Собирот тука ги пренесуваме оние што ни се чинат актуелни и во сегашниов момент.

1. Собирот заклучи дека е потребно постојано следење и грижа за состојбата на јазикот во јавното општење.

2. Се покажа дека прашањето на усогласеноста на правилата во Правописот бара поширока расправа од македонистите. Во таа насока се предложи следново:

а) Да се подготви ново дополнето издание на Правописот во којшто ќе бидат надминати недоследностите;

б) Да се подготват и популарни изданија на Правописот за одделни категории корисници;

в) Правописот, како и другите дела од национална важност, да се работат во соодветните институции.

3. Како загрижувачка се оцени состојбата со предметот македонски јазик во основното и во средното образование. Се препорача позасилено дејствување:

а) Да се зголеми бројот на часовите по македонски јазик во основните и средните училишта;

б) Македонскиот јазик да биде застапен како предмет во сите насоки на наставничките факултети, а е пожелно и на сите факултети на Универзитетите во Скопје и Битола;

в) Да се усогласат наставните планови и програми со потребите од наставен кадар во училиштата (да се поделат часовите по македонски јазик и по литература).

4. Да се обнови Центарот за школување на спикери и водители за говор и правоговор.

5. Во рамките на Законот за употреба на македонскиот јазик да се назначуваат општински лектори или референти за примена на македонскиот јазик.